Врз основа на член 33 став 7 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021), Државната комисија за спречување на корупцијата, на 56 седница одржана на 10.12.2021 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог од член 33 став 3 од Законот за лобирање.

**Член 2**

Прекршочниот платен налог за физичко лице се печати на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Прекршочниот платен налог за правно лице се печати на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе се применува од денот на примената на Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021).

бр. 02-6448/6
10.12.2021 година
Скопје

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА
СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Билјана Ивановска, претседател

Број_____________ ПРИЛОГ 1

______20___година

Врз основа на член 33 став (3) од Законот за лобирање („Службен весник на Република Македонија" број 122/2021), овластеното службено лице во Државната комисија за спречување на корупцијата издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

(за физичко лице)

| **А** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕКРШОКОТ** |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса на живеалиште или на престојувалиште | |

| **Б** | **ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК** |
|---|---|
| Време и место на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Број на записникот за констатиран прекршок | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | |

| | |
|---|---|
| Сметка за плаќање на глобата | На ПП50 образец на трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840***(општината каде се уплаќа)05808, приходна шифра 722159, со цел на дознака Уплата на глоба по прекршочен платен налог број________ |

**ПРАВНА ПОУКА:**

Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата, бул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното службено лице на Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Потпис на сторителот М.П. (*) Овластено службено лице

Број____________ ПРИЛОГ 2

______20___година

Врз основа на член 33 став (3) од Законот за лобирање („Службен весник на Република Македонија“ број 122/2021), овластеното службено лице во Државната комисија за спречување на корупцијата издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

(за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ - СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Матичен број | |
| Даночен број | |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Време и место на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Број на записникот за констатиран прекршок | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност) | |

| | |
|---|---|
| Сметка за плаќање на глобата | На ПП50 образец на трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840***(општината каде се уплаќа)05808, приходна шифра 722159, со цел на дознака Уплата на глоба по прекршочен платен налог број________ |

**ПРАВНА ПОУКА:**

Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата, бул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното службено лице на Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Потпис на сторителот М.П. (*) Овластено службено лице